Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 27, 17 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научното подрачје правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за наставно-научната област турски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање - помлад асистент по применета лингвистика во англискиот јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Технологија на послужувањето“ од д-р Нако Ташков, професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 26.6.2009 година донесе Одлука бр. 1602-62/7 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање ***насловен доцент*** за наставно-научното подрачје ***правни науки*** на Правен факултет, во состав:

1. проф. д-р Стеван Алексоски - претседател (казнено-правни науки);
2. проф. д-р Љупчо Арнаудовски - член (казнено-правни науки);
3. доц. д-р Љупчо Блажевски - член (правно-економски науки).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весниците „Вечер“ и „ Лајм“ на 15.6.2009 година, за избор на еден наставник во звање *насловен доцент* по група правни предмети, се пријави кандидатот **д-р Трајче Витанов,** адвокат од Струмица.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

1. кандидатот навремено ги достави пријавата и потребните документи, во рокот утврден во Конкурсот;
2. пријавата на кандидатот д-р Трајче Витанов, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

**Д-р Трајче Витанов** е роден во село Муртино, Струмичко. Основно образование завршува во родното село, а гимназија во Штип. По завршувањето на средното образование се запишува на Правниот факултет во Скопје, каде дипломира во 1969 година. По дипломирањето се вработува во Општинскиот суд во Струмица, како приправник и стручен соработник. По полагањето на правосудниот испит извесен период работи во Судот, а од 1 септември 1979 година е запишан во Регистерот на адвокати на Адвокатската комора на Македонија. На тој начин, професионалната дејност како адвокат ја врши повеќе од 30 години, со седиште на канцеларијата во Струмица. Вршејќи ја функцијата на адвокат, тој се афирмира како способен и стручен адвокат и адвокат од доверба на граѓаните.

Работејќи на своето стручно и професионално образование, во учебната 1980/1981 година се запишува на постдипломските студии од кривично-правните науки на Правниот факултет во Скопје. Со успех ги положува предвидените испити со наставниот план и програма и ја одбранува магистерската теза со наслов *„Увидот како доказ кај сообраќајните деликти“.* Студиите ги продолжува на Правниот факултет при Универзитетот „Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија, каде на 11 ноември 2001 година ја одбранува докторската дисертација со наслов *„Увидот како доказ во кривичната постапка“* и се стекнува со научен степен **доктор на кривично-правни науки.**

Потврдувајќи се во професијата како адвокат, во 1986 година е избран за претседател на Основната адвокатска комора за Источна Македонија со седиште во Штип и оваа функција ја врши до 1994 година. Во согласност со неговиот ангажман во професијата и Адвокатската комора на Македонија, во 2004 година е избран за член на Управниот одбор на Адвокатската комора на Македонија, на чија должност се наоѓа и денес. Во рамките на Адвокатската комора врши должност на претседател на Комисијата за полагање на адвокатскиот испит.

Во периодот на длабоките промени и измени на казненото законодавство од страна на министерот за правда, кандидатот д-р Трајче Витанов е именуван активно да учествува во комисиите и телата што работат на овие измени. Како искусен правник, со богата практика, но и со стручни познавања, често пати е ангажиран како предавач или воведен дискутант на семинарите на судиите, адвокатите и другите вработени во областа на правосудството, кои функционираат и се организираат како методи на стручно оспособување и образование на катедрите во областа на правосудството.

***Научно-стручен ангажман***

Во текот на својата професионална работа, д-р Трајче Витанов се занимава и со публицистичка работа. Двата објавени труда, магистерскиот труд и докторската дисертација ги подготвува и ги објавува како посебни монографии. Во својство на рецензент и на двата труда, членот на Рецензентската комисија проф. д-р Љупчо Арнаудовски констатира дека и двата труда претставуваат збогатување на нашата литература во областа на казненото право и казнено-правните науки. Кандидатот ги објавува следниве позначајни трудови:

1. Т. Витанов: *Бранителот во кривичната постапка*
2. Т. Витанов: *Увидот како доказно средство за утврдување на вистината во кривичната постапка*
3. Т. Витанов: *Положбата на обвинетиот според реформата на македонското кривично право*
4. Т. Витанов: *За некои прашања во врска со концепцијата за реформата на кривично-процесниот систем во Република Македонија*
5. Т. Витанов: *Општ поглед на македонските случаи пред Европскиот суд за човекови права*
6. Т. Витанов: *Одлагањето и прекинувањето на главниот претрес во Законот за кривична постапка*
7. Т. Витанов: *Преуредување на главниот претрес во Законот за кривична постапка во рамките на реформите на казненото право и почитување на правата на човекот и обвинетиот-осомничениот во Република Македонија*

Кандидатот д-р Трајче Витанов има објавено повеќе стручни мислења во списанието на Адвокатската комора *„Адвокатура“,* како и во дневниот печат.

На планот на стручниот и професионалниот ангажман во област на адвокатската теорија и практика, д-р Трајче Витанов се стекнува со повеќе признанија и сертификати, како признание за неговиот ангажман и придонес во областа во која работи.

Посебно место заземаат следниве признанија:

– Сертификат издаден од Унијата на интернационалните адвокатски комори, Скопје, мај 2009 година;
– Сертификат издаден од Адвокатската комора на Македонија за учество на семинар *„Трговија со луѓе“*, Охрид, 15.9.2007 година;
– Сертификат издаден од страна на Адвокатската комора на Македонија за учество на расправата за *„Парничната постапка и посебните истражни мерки“*, Струмица, март 2008 година.

Кандидатот д-р Трајче Витанов низ својот стручен и професионален развој ни се претставува како интересна комбинација на правник-практичар, кој основната дејност ја врши како адвокат, овозможувајќи им правна помош на странките доминантно во областа на казненото право, но едновремено има и сериозни амбиции за натамошно постојано образување и стручност во областа во којашто работи. Како резултат на таквиот негов ангажман, тој завршува постдипломски студии на Правниот факултет во Скопје на кривично- правната и криминолошката насока и се стекнува со научниот степен магистер од областа на кривично-правните науки. На овој начин, тој тежнее кон постојано усовршување во струката, тој настојува во стручната јавност да пренесе дел од својата пракса, практични искуства, интересни случаи, објавувајќи најчесто во списанието „Адвокатура“, што го издава Адвокатската комора на Македонија, но и во други стручни списанија што излегуваат во Република Македонија.

Ангажманот на Трајче Витанов на стручен и професионален план го донесе до телата и органите на Адвокатската комора на РМ, каде што на стручен план покажува голем број активности, особено во едукацијата на младите адвокати и воопшто во едукативната работа што ја организира Комората.

Во текот на работата, при измените и дополнувањата на казненото законодавство, особено неговата синхронизација со законодавството на Европската унија, во повеќе наврати е ангажиран како член на стручните тела кои работат на создавањето на новото законодавство. Во врска со овој ангажман, тој објави и свои стручни мислења по одделни прашања.

Ангажманот на научно-стручен и практичен план на д-р Трајче Витанов особено доаѓа до израз во областа на казнено-процесното право, криминалистиката и меѓународното казнено право во доменот на меѓународната правна помош помеѓу државите, посебно во областа на криминалистиката, откривањето на криминалитетот, докажување и одредување на доказната вредност на доказите, постапката на откривање и обезбедување на доказите и сл.

Ни во еден момент не смее да се запостави неговиот ангажман преку Адвокатската комора, Здружението за казнено право, невладините организации во различни облици на стручноста на кадрите што работат во областа на правосудството. Ваквиот ангажман на д-р Трајче Витанов, доста богат и сестран, го мотивира да се пријави на огласот на Правниот факултет за наставник по група предмети од областа на правните науки, потесно на казнено-правните науки. Тој се пријави на Конкурсот за избор во звање насловен доцент, поконкретно по предметите: Европско казнено прави и Меѓународно казнено процесно право.

Во својата досегашна научно-стручна работа, кандидатот д-р Трајче Витанов не работи директно во областите за кои се пријавува, но неговиот досегашен широк ангажман, проучувања, студии од областа на материјално-казненото и процесно-казненото право, ќе му овозможат успешно да ја врши наставничката функција во звање насловен доцент.

Согласно со Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на неговата целокупна активност:

(НО+НИ+САОР)

- наставно-образовна (НО) = 18
- научноистражувачка (НИ) = 45
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 16
- вкупна актива (НО+НИ+САОР) = 79.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и од покажаните резултати, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на д-р Трајче Витанов.

Според член 17 од Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, кандидатот д-р Трајче Витанов ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Тој покажува голема способност за наставно-научна работа, научноистражувачка и стручно-апликативна и организационо-развојна активност, поради што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум да биде избран во наставничко звање, зашто има остварено 79 поени.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да го избере кандидатот **д-р Трајче Витанов** во наставничко звање **насловен доцент** во областа ***казнено право***.

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | | |
| 2. | Превод на учебник | | |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања | | |
| 5. | Интерна скрипта од вежби | | |
| 6. | Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | | |
| 7. | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | | |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | | |
| 9. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание | 4 | |
| 10. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 2 | |
| 11. | Ментор на одбранет докторат | | |
| 12. | Ментор на одбранета магистерска работа | | |
| 13. | Ментор на одбранета специјалистичка работа | | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа (макс.7) | | |
| 15. | Член на комисија за одбрана на докторат | | |
| 16. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | | |
| 17. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (макс.7) | | |
| 18. | Раководител на семинар | 2 | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | | |
| 20. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | | |
| 21. | Основач на наставна лабораторија (да се прецизира) | | |
| 22. | Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | | |
| 23. | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24. | Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 6+2 | |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | | |
| 28. | Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | | |
| 29. | Визитинг професор во странство (најмалку еден семестар) | | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | | |
| 31. | Организатор на летна школа | | |
| 32. | Статија во наставно-образовно списание | | |
| 33. | Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (СЦИ / ЦА / останати) | | |

| Ред. број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | **Во странство** |
| 1. | Монографија или научна книга | 20 | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | | |
| 3. | Прегледен труд (СЦИ / ЦА / останати) | | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ / ЦА / останати | | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник | | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 4 | |
| 8. | Одржано предавање по покана на научна институција, музички настап на официјален концерт | | |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство | 3 | |
| 10. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 11. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| 12. | Раководител на научен проект | | |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 4 | |
| 14. | Уредник на научно списание (СЦИ / ЦА / останати) | | |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ / ЦА / останати) | | |
| 16. | Уредник на зборник на трудови | | |
| 17. | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | |
| 18. | Претседател на организационен или научен собир, фестивал | | |
| 19. | Член на организационен или научен собир, фестивал | 2 | |
| 20. | Основач на научна лабораторија | | |
| 21. | Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | | |
| 22. | Студиски престој во странство | | |
| 23. | Рецензент на научен труд (СЦИ / ЦА / останати) | | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Книга | 20 | |
| 2. | Поглавје од книга | | |
| 3. | Речник | | |
| 4. | Стручна монографија | | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 4 | |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир | | |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | |
| 9. | Уредник на стручно списание | | |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | |
| 11. | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | | |
| 12. | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | | |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 10 | |
| 14. | Прифатени иновации, патент | | |
| 15. | Техничко унапредување | | |
| 16. | Изработен и рецензиран програмски пакет | | |
| 17. | Елаборати и експертизи | | |
| 18. | Изготвување на извештаи од анализи | | |
| 19. | Стручни награди и признанија | | |
| 20. | Ректор | | |
| 21. | Проректор | | |
| 22. | Претседател на универзитетски или владини тела | | |
| 23. | Декан | | |
| 24. | Продекан | | |
| 25. | Шеф на институт | | |
| 26. | Раководител на завод | | |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела | | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | | |
| 29. | Член на институтски орган, комисија | 2 | |
| 30. | Класен раководител, согласно со Кредит - трансфер систем – ЕКТС (за четири години) | | |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р  Стеван Алексоски - претседател**
(казнено-правни науки), с.р.
**Проф. д-р Љупчо Арнаудовски - член**
(казнено-правни науки), с.р.
**Доц. д-р Љупчо Блажевски - член**
(правно-економски науки), с.р.